Бр. 79 Цена: 50 ден. март 2016

ISSN: 1857-6710

# ШТИТ

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



# ПОЛК ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ



# ОБУКА ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ –СКИЈАЊЕ

Во периодот од 02.02. до 13.02.2016 година, во реонот на Колашин, Црна Гора, на скијачките терени на Спортско-рекреативниот центар „Колашин“, питомците од втора година од Центарот за обука на питомци реализираа практични форми на обука во зимски услови-скијање.

Целта на обуката во зимски услови е питомците да се обучат во скијање и на начините за преживување во зимски услови.

За време на обуката питомците се запознаа со скијачката опрема и со нејзиното приспособување кон одредени ситуации, совладаа дел од скијачките дисциплини, се запознаа со планината и со опасностите со кои би можеле да се соочат во зимски услови. Се обучија да изработуваат објекти за преживување во зима и да ги применуваат мерките за заштита на здравјето и спречување повреди.

Обуката се реализираше во согласност со планот за билатерална соработка меѓу Министерствата за одбрана на Република Македонија и Црна Гора.

Вооружените сили на Црна Гора и овојпат се покажаа како одлични домаќини и ги обезбедија сите потребни услови за престој на питомците и на инструкторите за обука.





Содржина:




Страница 4 ОДЛИЧНА БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

Страница 9 **ГЛОБАЛНИ ТРЕНДОВИ ВО ОДБРАНАТА**
МЕНУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ

Страница 18 **„ШТИТ” ВИ ПРЕТСТАВУВА**
АВТОМАТ „НК МР7А1“

Страница 32 **И ЧИЗМИ И ВИСОКИ ПОТПЕТИЦИ**
АРМИСКАТА ДИСЦИПЛИНА ПРЕТСТАВЕНА И НА МОДНИТЕ ПИСТИ

Страница 36 **СТРАТЕГИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ**
БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ НА НАЦИОНАЛНО, НА РЕГИОНАЛНО И НА ГЛОБАЛНО НИВО

Страница 38 **НАТО**
РЕЛАЦИИ СО ОБСЕ

Страница 40 **КИНЕСКА ОПЕРАТИВНА ВЕШТИНА**
ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ КОН МОДЕРНИТЕ ВРЕДНОСТИ

Страница 54 **МОДЕЛИ НА СИГУРНОСТ**
КРЕИРАЊЕ ВЛЕЗНА БЕЗБЕДНОСТ





Страница 12





Страница 15





Страница 28



**ШТИТ - Година VIII, број 79, март, 2016 година, излегува еднаш месечно**
**ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ**
д-р Зоран Јолевски (претседател)
Генерал-потполковник Методија Величковски, полковник Љубе Дукоски, полковник Петре Велковски, потполковник Тони Јаневски, полковник Мери Ринџова, Билјана Иванова, д-р Жанет Ристоска

**ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК**
д-р Жанет Ристоска

**РЕДАКЦИЈА**
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник),
Димче Исаиловски, академски сликар (корица),
Митко Василевски (новинар), Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

**ПЕЧАТИ: „БРАНКО ГАПО“ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

**АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ“
ул. „Орце Николов“ 116, 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095


## ФОТОГРАФИИ ОД МАКЕДОНИЈА

Во периодот што измина имавме можност да присуствуваме на еден несекојдневен настан кој се одржа во просториите на Воениот музеј на Република Македонија. Воениот музеј, во соработка со Националниот музеј за здравство и медицина од Вашингтон, организираше изложба на која ни беше овозможено за прв пат да погледнеме фотографии направени од познатиот фотограф Мерл ле Вој од САД, кој во името на уметноста и вистината се упатил во периодот на Големата војна на територијата на Македонија за да направи трајни сведоштва за овој значаен период на светската историја. Тој со својот фотографски апарат ги овековечил ликовите и маките на учесниците во војната, страдањето на цивилното население, но и помошта која несебично ја дава волонтерите и Црвениот крст на САД, со цел да им помогнат на сите кои се најдоа во виорот на војната – ранети, гладни, болни и безнадежни...
Стари фотографии – препознатливи предели и физиономии. Лица страдални, деца гладни и боси, старици во македонски носии, жени забулени и откриени, лекари волонтери и возила со ознаките на Црвениот крст насекаде долж линијата на Македонскиот фронт – сите сплотени во хаосот на војната. Несекојдневен пример на хуманост и помош. А, секој од присутните на изложбата со свој коментар: види ја старицата, стара но стамена, со погледот ѝ пркоси на судбината, деца питачи – гладни но насмеани, занаетчии со корави раце и достоинствен став, перачки на алишта, каменокршачи – горди Македонци кои останаа засекогаш овековечени од фотографскиот објектив на Ле Вој.
А, кога сме веќе кај фотографиите како уметнички израз на реалноста, мора да споменеме дека и оваа година добивме исклучителни фотографии на кои се прикажани активностите на нашите специјалци. И овие фотографии многу говорат за обученоста, за вештината, за посветеноста и за патриотизмот на припадниците на Полкот за специјални операции. Полкот и оваа година достоинствено и работно ни се претстави по повод Денот на единицата. А, фотографиите кои беа направени, секако дека ќе останат како трајно сведоштво за уште еден прилог на насловот „Фотографии од Македонија кои многу кажуваат“.

*д-р Жанет Ристоска*




# ПОТРЕБА ОД МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА – II

## СПРАВУВАЊЕ СО АСИМЕТРИЧНИ ЗАКАНИ

Постоењето на различни кривично правни системи, намалената гранична контрола, укинувањето на внатрешните граници, долготрајната и неизвесна меѓусебна правна помош, несоодветната и неефикасна соработка меѓу полициските и судските органи во земјите членки, од една и зголемениот пренос на криминалот од една во друга држава од друга страна, за поефикасно справување со истиот ја наметнале потребата од формирање нови институции и изнаоѓање на нови соодветни инструменти.

**Недозволена трговија со оружје**

Секојдневните случувања во трговијата со оружје овозможуваат пазар кој е неограничен, високо рангиран и најважно, високо профитабилен. Развојот на трговијата со оружје е потпомогнат, пред сè, од меѓудржавните војни или внатрешните судири, судирите на различни парамилитарни групи, како и редовното вооружување на регуларните национални безбедносни служби и агенции. Ако на ова се придодаде и распадот на поранешните социјалистички држави, неговото ширење нема граници. Кризните региони се секогаш одлична можност за огромен профит од трговијата со оружје, па неретко се зборува и се пишува дека кризите и проблемите се често пати призвод на заговор за мултимилионерски бизнис со оружје на големите производители на истото и негова дистрибуција токму во овие региони.

**Бегалци од законот**

Сторителите на кривични дела најчесто посакуваат да бидат неоткриени, како би можеле да продолжат со нивните недозволени активности. Нивното бегство најчесто резултира со извршување на нови кривични дела на друга теритоија со што настанува ширење на криминалот особено прекуграничниот. Овие лица најчесто стануваат предмет на потрага или бегалци од законот и претставуваат посебна опасна категорија. Во услови на отворени граници и намалени гранични контроли тие брзо и успешно го менуваат местото на вршење на кривично дело и местото на престој односно минувањето на границата за нив повеќе не преставува посебен проблем. На овој начин тие не им се достапни на органите на прогон и најчесто своето бегство го финансираат со извршување на нови кривични дела, со што претставуваа потенцијална закана за државните системи. Нивното лоцирање, пронаоѓање, лишување од слобода и екстрадиција се приоритет на кривичноправните органи, со цел успешно водење н кривичните постапки или извршување на кривичните санкции.



**Компјутерски криминал**

Компјутерскиот криминал е уште познат и како криминал на високата технологија. Делата извршени при овој криминал напаѓаат компјутерски мрежи и системи, со цел да се уништат или злоупотребат базите на податоци кои истите ги содржат за остварување профит. Денешните активности на современиот човек се незамисливи без примена на електрониката, комуникациските системи, компјутерските системи и мрежи. Брзината и анонимноста на електронските трансанкции кои ги нудат компјутерските системи и мрежи се причина за нивно масовно користење. Голем број на државните функции особено оние во областа на безбедноста и одбраната се условени од ефикасноста и сигурноста кои ги нудат пред се овие системи и мрежи, поради што истите најчесто се и цел на напади. Нивната заштита и сигурност зависат од техничко технолошките иновации поради што се смета дека непостои апсолутна заштита на било кој систем или мрежа. Употребата на електронската трговија, користењето на електронскиот потпис, се поголемата употреба на електронските платежни картички создаваат можности за нивна злоупотреба. Развојот на техниката и технологијата постојано се следи и од криминалните организации, кои на тој начин стануваат поспособни, обучени и спремни за навлегување во компјутерските мрежи и системи. Користењето на интернетот во секое време и во секакви услови овозможува брз пренос на секаков вид трансакции со мали можности за нивно идентификување од страна на легалните власти кои можат да бидат лесен плен за компјутерскиот криминал. Појавата на новиот вид криминал – „сајбер тероризмот“, со кој се напаѓаат мрежи, системи и бази на податоци на одделни државни и безбедносни институции, е осо-

бено опасна. Добиените податоци на овој начин најчесто се користат за упатување на закани кон владите на одделни држави за остварување на некое свое право или остварување на финансиска или друга цел.

**Соработката на кривично-правните органи**

Појавата на транснационалниот организиран криминал создаде бројни проблеми за полициските и судските органи, како на национално така и на меѓународно ниво. Свесни за различните пристапи и толкување на криминалот, кои особено се однесуваат на различното толкување и дефинирање на истиот, различните култури, јазик, политичката поставеност на државите, разликите во казнено правните системи, разните форми на организираност на кривично правните органи на прогон, постоењето различни практики, разликите во економската развиеност, високиот степен на корупција на државите, воздржаноста и недовербата при размена на податоци и информации, ја наметнуваат потребата за изнаоѓање решенија и инструменти прифатливи за сите за справување и спречување на транснационалниот криминал. Развојот на меѓународна соработка, односно меѓународното спроведување на законот и соработката меѓу државите за одбележување се два моменти: почетокот кога полиција ги имала во прв план политичките дела, што постепено еволуирало кон останатите кривични дела и кога соработката од привремени и ограничени форми добива постојани и структурирани организации со широко мултилатерално учество. Појавата на меѓународното кривично право требала во голема мерка да придонесе за поуспешно спротивставување со организираниот криминал. Својот развој го започнува по Втората светска војна, најнапред со формирање Меѓународниот воен суд во 1945 година и со Хашкиот трибунал во 1993 г., а потоа и со основањето на Меѓународниот кривичен суд во 1998г., со што меѓународната соработка почнува да се манифестира и да се применува врз основа на меѓународни стандарди, норми и институции. Меѓународната полициска соработка, признавањето и извршувањето на странските кривични пресуди и трансферот на осудени лица се сметаат за современи инструменти на меѓународното кривично право и форми на меѓународна кривично правна соработка. Функционирање на правната држава, промените во правните и политичките системи во насока на владеење на правото, односно добро организираната и моќна држава е вистинското оружје во справување со транснационалниот криминал на глобално ниво. Меѓународната полициска соработка има историски основи – се појавува со формирањето на националните држави во XIX век и појавата на транснационалниот криминал. Како што истиот станувал покомплексен, така и барањата на државите за полициска соработка се зголемувале. Историските докази покажуваат дека развојот и порастот на меѓународната полициска соработка била потпомогната од страна на претходни практики за соработка, создадени, пред сè, од политички причини. Потребата за меѓународна контрола на лица и организации, противници на постоечките политички системи, (социјалистите, демократите, либералите и анархистите) се смета за историски претходник на меѓународната полициска соработка. Со појавата на меѓународното право за спроведување на законот и значајните општествени случувања, се менувале и организацијата и практиките на органите кои го спроведуваат законот. Сè до терористичките напади во САД на 11.09.2001 г. се смета дека соработката е неефикасна, непостојана и несоодветна. Соработката денес добива на значење, особено со хармонизирањето и усогласувањето на националните законодавства со донесените голем број меѓународни документи и




инструменти, како и имплементирањето на одредбите од повеќе меѓународни договори и конвенции во националните легислативи. Појавата на меѓународното кривично право и организирањето на меѓународните кривични судови од една страна и сè поголемото учество на странски елементи во извршените кривични дела од областа на организиран криминал од друга страна, ги зголемуваат барањата за заемна соработка, поради што унапредувањето на соработката меѓу „Интерпол“, „Европол“ и другите регионални полициски организации постојано треба да се проширува и да се унапредува.

**„Интерпол“**

Со одлука на делегациите од 20 држави на Вториот меѓународен полициски конгрес одржан во Виена во 1923 г. е формирано првото меѓународно полициско тело – Меѓународна комисија на криминалистичката полиција, со цел укажување реципрочна помош меѓу полициските органи според нивните национални закони, создавање и усовршување на услови и облици за борбата со криминалот. Сè поголемиот број на извршени кривични дела со странски елементи наложиле да има потреба од формирање на орган, кој на меѓународен план ќе се спротивстави на транснационалниот криминал, особено организираниот. Кога се во прашање воените, политичките, верските или религиозни кривични дела, секоја држава има право самостојно да одлучи дали делото спаѓа во некоја од овие групи, односно дали ќе постапи според барањето или не. „Интерпол“, во текот на своето работење се придржува на принципот на почитување на националниот суверенитет, универзалност, рамноправност на државите-членки, флексибилност на работните методи и на соработката со другите институции и агенции. Организацијата во своето работење се раководи на основа на четирите постулати: безбеден глобален полициски комуникациски систем, оперативни сервиси и полициски бази на податоци, оперативна полициска поддршка и полициски тренинг и развој. Во рамките на „Интерпол“ функционираат и таканаречени тимови за брза реакција и тимови за поддршка на големи настани. Активностите на „Интерпол“ во справувањето со криминалот покриваат голем број области. Меѓу нив, организацијата како приоритетни, односно како активности на кои се посветува посебно внимание, се издвојуваат: јавната безбедност и тероризамот, трговијата со луѓе, трговијата со дрога и криминални организации, финансискиот и компјутерскиот криминал, бегалците од законот и корупцијата. Една од најпознатите активности кои се одвиваат во рамки на „Интерпол“, што го прави особено препознатлив, е потрагата по лица. Имено, преку каналите на „Интерпол“, на барање на земјите-членки циркулураат електронски потраги/објави, обележани со различна боја, која ја означува содржината и значење. Оттука, боите употребени во издадените потерници го означуваат видот на потрагата. Полициската соработка се одвива во согласност со националните прописи преку националните централни бироа лоцирани во земјите-членки. Пронаоѓањето на лица и нивното лишување од слобода кои се предмет на меѓународна потерница, размената на информации, воспоставувањето стандарди во постапувањето и образованието на кадри, се дел од редовните активности. Како свои приоритетни области на дејствување „Интерпол“ ги издвојува новите асиметрични закани. Во рамките на Интерпол функционираат шест регионални подбироа кои служат, пред сè, за координирање на активностите на земјите во регионот за заедничките проблеми и создавање услови за побрза размена на податоци и информации. „Интерпол“ изготвува и издава публикации од општ и специјален тип и останува најголема светска меѓународна полициска организација. Сите земји-членки на ЕУ се истовремено и членки на „Интерпол“ кои, условно речено, ги користат услугите на „Интерпол“ со земјите кои не се членки на шенген-зоната и на Европската унија.

*д-р Сашо М. Стојановски*
*д-р Методија Дојчиновски*
*м-р Биљана М. Стефанова*